Согласно одредбите на член 20 став 2 од Законот за дополнување на Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 до 103/01) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02 ) Советот на општината Демир Хисар на _____ седница одржана на ден ________. 2019 г. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За висината на благајничкиот максимум за 2020 година**

Член 1

Благајничкиот максимум за 2020 година се утврдува на износ од 30.000,00 денари , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2

Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден.
.

Член 3

Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од 6000,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

Бр. ________
___12. 2019 г.
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател
Благоја Станојоски